# З А П И С Н И К
**од Шеесет и првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 27.3.2018 година**

**Скопје, март 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 27.3.2018 година**

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Кахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на Генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Оливера Нечовска и Снежана Наџаковска од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, Арбер Адеми, заменик на министерот за образование и наука и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи, м-р Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи, Миѓен Салмани, член на Управниот одбор на М-НАВ, Ејуп Љатифи и Александра Митреска од Министерството за економија и Златко Николовски, нотар.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за

координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 59-та (тематска) седница на Владата, одржана на 20.3.2018 година

- Усвојување на Записникот од 60-та седница на Владата, одржана на 20.3.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за распоредување на административни службеници вработени во Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во институции на јавниот сектор, со План за распоредување

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за предлог договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Костал Македонија“ ДООЕЛ Охрид

2. План за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за периодот 1.1.2018 - 31.12.2018 година, со Предлог-одлука

3. Информација за донесување на Стратегија за заштита и благосостојба на животните и Акциски план

4. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање и начинот на работење на Национален совет за безбедност на храна и храна за животни

5. Предлог-одлука за продажба на движни ствари - меркантилна пченица и јачмен за сточна храна

6. Информација за барање за добивање согласност за основање на туристичка развојна зона локалитет „Езеро Треска“

7. Информација за потребата од обновување на определени количини на нафтени деривати од задолжителните резерви во тековната 2018 година

8. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност за судија

9. Информација за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост со влогови преку издавање на нови акции од шестата емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука

10. Информација во однос на изградбата на Магистрален гасовод Делница 5 Скопје - Тетово - Гостивар кај потегот на Водно

11. Предлог-одлука за распределба на добивка по Годишната сметка за 2016 година на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје

12. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, со Предлог-одлука за давање согласност

13. Годишен финансиски план и Програма за работа на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти за 2018 година, со Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

14. Предлог-решение за именување на членови на Главниот штаб за заштита и спасување

15. Информација за поддршка на проектот за рехабилитација и автоматизација на постоечките објекти за снабдување со вода за пиење во Општина Пробиштип, со Акциски план

**б) Економски систем и тековна економска политика**

16. Предлог-закон за енергетика

17. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура

18. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ловството

19. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година

20. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на

бензинска пумпна станица со услужен центар КО Горно Коњаре, Општина Куманово, со Предлог-одлука

21. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производство на градежни материјали, бетонски блокови, бетонски плочки за тротоари) КО Виница, Општина Виница, со Предлог-одлука

22. Информација за назначување на раководител на Телото за управување со ИПАРД 2007-2013 и ИПАРД II, со Предлог-решенија

23. Информација за давање согласност за физичка делба на идеален дел од недвижен и движен имот - објекти од поранешен ЗППЗ „Кооперант“-Радовиш, во Радовиш, с.Калуѓерица - Радовиш и с. Ракитец - Радовиш, сосопственост на Република Македонија, корисник Министерство за финансии

24. Информација за натамошна либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбени производи по Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина

25. Информација за интересот за натамошна либерализација на трговијата со земјоделско прехранбени производи, согласно Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција

26. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Тасино Чешмиче - Скопје, со Предлог-решение

27. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Холидеј Ин“ - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект и дополнување

28. Информација во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и „ПроКредит банка“ АД Скопје за финансирање на малата хидроелектрична централа на концесионерот ПЦЦ НЕВ ХИДРО ДООЕЛ Скопје, со текст на Директен договор

29. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Трница“ Општина Студеничани и „Фабрика Кватро“ Општина Куманово, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр.44-1761/1 од 6.3.2018 („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/18), со Предлог-решение

30. Информација за статусот на проектот „Изработка на проектни студии (Студија за изводливост, Оценка на влијание врз животната средина, Анализа на трошоци и добивки) и проектна документација за воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен Регион“

31. Информација за статусот на реализација на преостанатите барања и иницијативи на посетените компании во рамки на проектот „Учиме од бизнис заедницата“ - сите пет

циклуси на посети на компании, заклучно со 15.1.2018 година, со Прилог преглед на реализација

32. Информација за обесштетување на поплавените правни лица во Скопскиот Регион

**в) Политички систем**

33. Предлог-методологија за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Македонија

34. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2017/1754 на Советот од 25 септември 2017 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука

35. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/1934 на Советот од 23 октомври 2017 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја, со Предлог-одлука

36. Извештај од редовниот состанок на Мешовитата комисија за чување, одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-бугарската државна граница, одржан во Скопје на 29 и 30 јануари 2018 година

37. Извештај за учество на припадници на Армијата на Република Македонија во мировната операција на Европската Унија „Алтеа“ во Босна и Херцеговина, ротација јуни-декември 2017 година

38. Извештај за учество на припадникот на Армијата на Република Македонија во мировната операција на Европската Унија „Алтеа“ во Босна и Херцеговина, ротација јуни-декември 2017 година

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

39. Информација за формирање на Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област, со Предлог-одлука и Предлог-решение

40. Информација за донесување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите и донесување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог-одлука и Предлог-решение

41. Информација за Фулбрајт програмата за академска размена

42. Информација за вработувањата во основните и средните училишта

43. Информација за ослободување од учество (партиципација) при користење на здравствени услуги на децата до 18-годишна возраст, чии семејства се корисници на правото на социјална парична помош

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

44. Предлог-одлука за пренесување право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија

46. Предлог-одлука за утврдување на дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани

47. Предлог-одлука за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Казандол“, Општина Валандово, Општина Богданци и Општина Дојран

48. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Вруток, Општина Гостивар на Друштвото за производство, трговија, услуги и инженеринг „Јефута-инженеринг-Фуат“ и „Јетон“ експорт-импорт ДОО Гостивар

49. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-термоминерална вода на локалитетот „Виничка Вада“, Општина Кочани на Друштвото за производство, трговија и услуги „Оранжери-добра“ ДОО увоз - извоз Кочани

**б) Политички систем**

50. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „RAMSTEIN AMBITION II 18“, во Сојузна Република Германија

51. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „EFES 18“, во Република Турција

52. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „JWA“, во Сојузна Република Германија

53. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „Milex 18“, во Кралство Шпанија

54. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „Balkan response 18“, во Република Србија

55. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „Viking 18“, во Кралство Шведска, Република Србија и Република Ирска

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Струмица

57. Предлог-одлука за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Тајван

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на АД Македонска информативна агенција - Скопје во државна сопственост

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студентски дом ,,Доне Божинов“ - Пробиштип

60. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижни ствари на Националната установа Музеј на Македонија - Скопје

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

61. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, поднесен од група пратеници

62. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем, поднесен од група пратеници

63. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности, поднесен од група пратеници

64. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги, поднесен од група пратеници

65. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за градење, поднесен од група пратеници

66. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловството, поднесен од група пратеници

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

67. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 266 став 1 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15 и 23/16) поднесена од адвокат Зоран Величковски од Скопје

68. Понуда од нотар Маринчо Велјановски од Битола за купопродажба на недвижен имот во Битола со Имотен лист бр.95586 за КО Битола 3, КП бр.14545 викано место/улица „Ријечка“

69. Понуда од нотар Тодор Бошковски од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101792 за КО Тетово-3, КП бр.12928

70. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 68968 за КО Маџари на КП бр. 2207/6

71. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101705 за КО Бутел на КП бр.143

72. Понуда од нотар Веселинка Здравкова за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.838 за КО Буково на КП бр.355

73. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2258 за КО Ресен на КП бр.3566/1

74. Известување од извршител Антончо Коштанов од Скопје, за заклучокот за усна јавна продажба под И. бр.2216/14

75. Известување од извршител Антончо Коштанов од Скопје, под И бр.307/15 за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување)

**д) Други предлози**

76. Предлог-одговор на пратеничко прашање од д-р Фросина Ташевска - Ременски, пратеник во Собранието на Република Македонија, поставено на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 февруари 2018 година

77. Предлог-одговор на пратеничко прашање од д-р Весел Мемеди, пратеник во Собранието на Република Македонија, поставено на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 февруари 2018 година

78. Кадровски прашања

79. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

80. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Македонија за периодот октомври-декември 2017 година

81. Тримесечен извештај за финансиско работење на ЈП Агро берза - Скопје, за периодот јули-септември 2017 година
82. Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈП Агро-берза - Скопје, за периодот октомври - декември 2017 година, со дополнувањето кон него

83. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие Македонски железници Инфраструктура - Скопје, за период од 1.10.2017 година до 31.12.2017 година

84. Тримесечен извештај за работата на М-НАВ А.Д. -Скопје (април - јуни 2017 година), со дополнувањата кон истиот

85. Тримесечен извештај за работата на М-НАВ А.Д. -Скопје (јули - септември 2017 година), со дополнувањата кон истиот

86. Информација за план и програма на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2018 година

87. Информација за решавање на проблем со свлечишта на локалниот пат „Крива Паланка - с. Станци“ и локалниот пат „с. Станци - м.в.Станечка Кривина - м.в. Метоф - с. Дренак“

88. Извештај за извршувањето на потставките 412110 - Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Македонија за период од 1 јануари до 31 декември 2017 година

89. Информација за одобрување на средства од Програмата ИПА за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2014-2020

90. Информација за реализирани активности во 2017 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2017 - 2018 година

91. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Евтини летови за македонските граѓани“

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

92. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства

93. Информација за започнување на проектот „Изградба на комплекс - Универзитетски клинички центар“ на локација во Општина Карпош

94. Предлог-одлука за спојување на јавните здравствени установи Здравствен дом Кочани и Општата болница Кочани во Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани

95. Насоки за добро управување на избрани и именувани лица во извршната власт

96. Информација за одржување на „Дигиталниот самит за Западен Балкан 2018“ во Скопје, со Предлог-агенда

97. Информација за изменување и престанок на одлуки за давање на трајно користење на движни ствари на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со предлог-одлуки

98. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

99. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Woodrow Wilson“ с.Долно Седларци, Општина Брвеница

100. Информација за потпишување на Билатерална спогодба помеѓу Република Србија и Република Македонија за ИПА II Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Србија и Република Македонија за период 2016-2020 година, со текст на Спогодба

*

*　　　*

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 59-та (тематска) седница на Владата, одржана на 20.3.2018 година и Записникот од 60-та седница на Владата, одржана на 20.3.2018 година.

*

*　　　*

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Информација за распоредување на административни службеници вработени во Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во институции на јавниот сектор, со План за распоредување**

Владата ја разгледа Информацијата за распоредување на административни службеници вработени во Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во институции на јавниот сектор, со План за распоредување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на државната управа, во најкраток можен рок, да започнат постапки за преземање на вработените лица од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, а доколку органите на државната управа немаат соодветни слободни работни места, се задолжуваат во рок од 10 дена да ги усогласат правилниците за систематизација на работните места.

2. Се укажува на останатите институции на јавниот сектор, во најкраток можен рок, да започнат постапки за преземање на вработените лица од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, а доколку институциите на јавниот сектор немаат соодветни слободни работни места, се укажува во рок од 10 дена да ги усогласат правилниците за систематизација на работните места.

3. Се укажува на трговските друштва во државна сопственост, во најкраток можен рок, да започнат постапки за преземање на вработените лица од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација по добиеното барање на согласност за преземање, во рок од пет работни дена, да издава согласности за трајно преземање на институциите од јавниот сектор.

5. Се задолжува Министерството за финансии, по добиеното барање за обезбедување на финансиски средства, во рок од седум работни дена, да издаде известување за обезбедени финансиски средства на институциите од јавниот сектор.

6. Се задолжува Министерството за образование и наука да го координира процесот за преземање на распоредени лица во институции под нивна надлежност.

7. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да го координира процесот за преземање на распоредени лица во институции под нивна надлежност.

8. Се задолжува Министерството за култура да го координира процесот за преземање на распоредени лица во институции под нивна надлежност.

9. Се задолжува Министерството за здравство да го координира процесот за преземање на распоредени лица во институции под нивна надлежност.

10. Се задолжува Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор да го спроведе и реализира овој Заклучок до надлежните институции и на месечно ниво да ја информира Владата за статусот на преземени административни службеници.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за предлог договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Костал Македонија“ ДООЕЛ Охрид, го усвои и ја задолжи Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони веднаш по ништовноста на Решението УП бр.10-64 од 29.12.2016 година на Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата ново известување за планирано доделување на државна помош согласно предложениот договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Костал Македонија“ ДООЕЛ Охрид.

**Точка 2**

Владата по новиот текст на Планот за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за периодот 1.1.2018 - 31.12.2018 година, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за одобрување на Планот за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за периодот 1.1.2018 - 31.12.2018 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Стратегија за заштита и благосостојба на животните и Акциски план (нов текст), ја усвои Информацијата и ја задолжи Агенцијата за храна и ветеринарство, најмалку еднаш годишно да ја информира Владата за спроведените активности утврдени во Стратегијата за заштита и благосостојба на животните.

**Точка 4**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање и начинот на работење на Национален совет за безбедност на храна и храна за животни, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари - меркантилна пченица и јачмен за сточна храна, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за барање за добивање согласност за основање на туристичка развоја зона локалитет „Езеро Треска“, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата по текстот на материјалот да се произнесат Агенцијата за катастар на недвижности и Градот Скопје.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обновување на определени количини на нафтени деривати од задолжителните резерви во тековната 2018 година и ја усвои со следните заклучоци:
1. Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, најдоцна во рок од три месеци да подготви предлог-закон за изменување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 35/11, 84/12 и 43/14) и да го достави преку Министерството за финансии до Владата.

2. Се задолжува Министерството за финансии при подготвувањето на новиот закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да го усогласи со новиот закон за енергетика.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност за судија (нов текст 20.3.2018 година), во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост со влогови преку издавање на нови акции од шестата емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука (нов текст) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост со влогови преку издавање на нови акции од шестата емисија по пат на приватна понуда.

2. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од шеста емисија по пат на приватна понуда, во предложениот текст.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, средствата во износ од 5.854.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија, објавен на денот пред денот на донесување на одлуката за зголемување на основната главнина на МЕР АД Скопје со влогови преку издавање на нови акции од шестата емисија по пат на приватна понуда, кои се обезбедени во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2018 година на сметка 13001002566З718, Потпрограма 3Д-Гасификација, ставка 489-3Д-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, да ги префрли на МЕР АД Скопје, согласно Одлуката за зголемување на основната главнина на МЕР АД Скопје со влогови преку издавање на нови акции од шестата емисија по пат на приватна понуда.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во однос на изградбата на Магистрален гасовод Делница 5 Скопје - Тетово - Гостивар кај потегот на Водно и го усвои со заклучок:

- се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Градот Скопје и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост во најкраток можен рок да најдат заеднички прифатливо решение во однос на изградбата на Магистрален гасовод Делница 5 Скопје - Тетово - Гостивар кај потегот на Водно и во најкраток можен рок да се продолжи со изградбата на истиот.

**Точка 11**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за распределба на добивка по Годишната сметка за 2016 година на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје со заклучок генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски во термин и датум што тој ќе го определи да организира состанок со претставници од АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, како и други министри (надлежни), со цел заземање на заеднички став по однос на остатокот од нето добивката во износ од 17.725.644,00 денари, по Годишната сметка за

2016 година на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, по однос на договорот за кредит со ЕБОР, набавката на опремата, изградбата на радарскиот систем, зградата и сл.

## Точка 12

Владата го разгледа Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, со Предлог-одлука за давање согласност (нов текст) и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот финансиски план и Програмата за работа на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти за 2018 година, со Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, за наредната седница на Владата, поради потребата Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Министерството за финансии дополнително да го разгледаат Годишниот финансиски план, со цел да го прецизираат распоредот на средствата од соодветни ставки од Буџетот на Република Македонија за 2018 година во Предлог-одлука.

## Точка 14

Владата го одложи разгледувањето на Решението за именување на членови на Главниот штаб за заштита и спасување (најнов текст) за наредната седница на Владата, поради потребата уште еднаш да се разгледаат номинациите доставени од институциите.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за поддршка на проектот за рехабилитација и автоматизација на постоечките објекти за снабдување со вода за пиење во Општина Пробиштип, со Акциски план и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за рехабилитација и автоматизација на постоечките објекти за снабдување со вода за пиење во Општина Пробиштип.

2. Потребните финансиски средства за учеството на државата во реализацијата на проектот Владата на Република Македонија ќе ги обезбеди од Буџетот на Република Македонија до крајот на 2018 година.

## Точка 16

Владата го разгледа Предлог-законот за енергетика (нов текст) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија да ги усогласи кореcподентните табели со Секретаријатот за законодавство.

2. Предлог-законот за енергетика, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Исмаил Лума, раководител на сектор во Министерството за економија.

## Точка 17

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници м-р Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Абдилгафар Синани, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 18

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за ловството (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници м-р Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јордан Здравковски, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 19

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со услужен центар КО Горно

Коњаре, Општина Куманово, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со услужен центар КО Горно Коњаре, Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производство на градежни материјали, бетонски блокови, бетонски плочки за тротоари) КО Виница, Општина Виница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производство на градежни материјали, бетонски блокови, бетонски плочки за тротоари) КО Виница, Општина Виница, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на раководител на Телото за управување со ИПАРД 2007-2013 и ИПАРД II, со Предлог-решенија, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

- Решението за назначување на раководител на Телото за управување со Програмата за рурален развој за користење на средствата од петтата компонента од ИПА за рурален развој (ИПАРД) во системот за децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската Унија за Република Македонија и

- Решението за назначување на раководител на Телото за управување со ИПАРД II во системот за индиректно управување со ИПА II, во предложените текстови.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за физичка делба на идеален дел од недвижен и движен имот - објекти од поранешен ЗППЗ „Кооперант“ - Радовиш, во Радовиш, с.Калуѓерица - Радовиш и с. Ракитец - Радовиш, сосопственост на Република Македонија, корисник Министерство за финансии, ја усвои Информацијата и го овласти Министерството за финансии, во име на Република Македонија за недвижниот имот кој го има во сосопственост Република Македонија - Министерство за финансии, со други физички и правни лица од ЗППЗ „Кооперант“-Радовиш, согласно Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, 92/08, 139/09 и 35/10) да поведе судска постапка за физичка делба.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за натамошна либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбени производи по Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина (нов текст) и ја усвои со следните нови заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерство за надворешни работи и Министерството за финансии -Царинска управа, во рок од десет дена по усвојување на Информацијата, да номинираат свои претставници во експертската група која ќе работи на дефинирање на степенот на натамошна либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбени производи со Украина.

2. Се задолжува Министерството за финансии -Царинска управа, до 5 април 2018 година да подготви Предлог- текст за измена на Протоколот Ц по Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина и истиот да го достави до Министерството за економија.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за интересот за натамошна либерализација на трговијата со земјоделско прехранбени производи, согласно Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Царинската управа на Република Македонија и Агенцијата за храна и ветеринарство во рок од пет дена до Министерството за економија да номинираат член во експертската група за анализа на состојбата за натамошна либерализација во трговијата со земјоделско-прехранбени производи.

2. Се задолжува Министерството за економија да ги вклучи Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија и Комората на северо-западна Македонија во експертската група при подготовка на анализата за да дадат предлози за натамошна либерализација во трговијата со земјоделско-прехранбени производи.

3. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со експертската група во рок од 30 дена да подготви платформата со можни предлози за укинување на царинските стапки на земјоделско-прехранбени производи во меѓусебната трговија и да ја достави до Владата.

4. Се задолжува Министерството за економија по разгледувањето и усвојувањето на платформата во рок од пет дена да го достави македонскиот предлог до турската страна кој треба да биде избалансиран со турскиот предлог за либерализација на турски земјоделско-прехранбени производи.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Тасино Чешмиче - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Тасино Чешмиче - Скопје, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди, со седиште на ул. Белградска бр. 28 Скопје), во предложениот текст.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Холидеј Ин“ - Скопје, со Предлог- решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект и дополнување, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект хотел „Холидеј Ин“, со седиште на ул.Филип Втори Македонски бр. 5 Скопје, за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и ПроКредит банка АД Скопје за финансирање на малата хидроелектрична централа на концесионерот ПЦЦ НЕВ ХИДРО ДООЕЛ Скопје, со текст на Директен договор и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и „ПроКредит банка“ АД Скопје за финансирање на малата хидроелектрична централа на концесионерот ПЦЦ НЕВ ХИДРО ДООЕЛ Скопје.

2. Го усвои текстот на Директниот договор помеѓу Владата на Република Македонија и „ПроКредит банка“ АД Скопје во врска со финансирањето обезбедено од ПроКредит банка АД Скопје според договорот за финансирање, кој што „ПроКредит банка“ АД Скопје го има склучено со ПЦЦ „НЕВ ХИДРО“ ДООЕЛ Скопје.

3. Го овласти министерот за економија во име на Владата на Република Македонија да го потпише Директниот договор од точка 2 од овие заклучоци, помеѓу Владата на Република Македонија и ПроКредит банка АД Скопје во врска со финансирањето на малата хидроелектрична централа на концесионерот ПЦЦ НЕВ ХИДРО ДООЕЛ Скопје.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Трница“, Општина Студеничани и „Фабрика Кватро“, Општина Куманово, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр.44-1761/1 од 6.3.2018 („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/18), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за статусот на проектот „Изработка на проектни студии (Студија за изводливост, Оценка на влијание врз животната средина, Анализа на трошоци и добивки) и проектна документација за воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен Регион“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од три недели да ја достави ИПА апликацијата за проектот „Воспоставување на самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот Регион до Секретаријатот за европски прашања, со барање истата да се достави до Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија, со цел нејзино препраќање до Европската комисија во Брисел.

2. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, во рок од три недели по добивањето на ИПА апликацијата за проектот „Воспоставување на самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот Регион истата да ја достави до Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија, со цел за нејзино одобрување од Европската комисија во Брисел.

3. Се задолжуваат министерот за животна средина и просторно планирање и министерот за финансии, во рок од еден месец да одржат работна средба со градоначалниците од Источниот и Североисточниот Регион“ во врска со понатамошните активности кои треба да следат околу добивањето на градежните дозволи, а во врска со подготвување на проекти за експропријација и формирањето на јавно регионално комунално претпријатие за двата региона кое ќе биде носител на целата инвестиција.

4. Се препорачува на градоначалниците на општините од Североисточниот Регион (Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Крива Паланка и Кратово) и на градоначалниците на општините од Источниот Регион (Штип, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Пехчево, Пробиштип, Зрновци, Чешиново - Облешево, Македонска Каменица и Свети Николе) да присуствуваат на работната средба со министерот за животна средина и просторно планирање и министерот за финансии.

5. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта во следниот плански период да ја разгледа можноста во Годишната програма да обезбеди средства за реализација на рехабилитација на делницата на патот од 15 километри, кој го поврзува Свети Николе со локацијата на централната постројка на депонијата.

6. Министерството за животна средина и просторно планирање понатаму да не доставува до Владата информација за проектот „Изработка на проектни студии (Студија за изводливост, Оценка на влијание врз животната средина, Анализа на трошоци и добивки) и проектна документација за воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен Регион“ со оглед на тоа што истиот е завршен.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на преостанатите барања и иницијативи на посетените компании во рамки на проектот „Учиме од бизнис заедницата“ - сите пет циклуси на посети на компании, заклучно со 15.1.2018 година, со Прилог преглед на реализација (нов текст) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена да го извести Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори за прогресот на активностите во насока на воведување на мерка за финансиска поддршка на компаниите кои учествуваат на меѓународни натпревари за вино од светско ниво во рамките на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за транспорт и врски и Министерството за економија, во рок од 60 дена да ја информира Владата во врска со можноста за пропишување на обврската од европскиот стандард ЕН-16194 кој ги одредува минималните стандарди и барања за квалитет на кабини и санитарни производи од страна на сите субјекти кои се занимаваат со поставување и одржување на кабини и санитарни производи согласно членот 20 од Законот за безбедност на производите, по претходно извршена анализа на постојните законски прописи во однос на третирањето и исфрлањето на фекалниот отпад од мобилните тоалетни кабини.

3. Се задолжува Министерството за правда во рок од 60 дена да ја информира Владата за реализација на активностите на работната група со претставници од Врховниот суд на Република Македонија, од основните судови (за граѓанска и кривична материја), од Здружението на преведувачи, од Адвокатската комора на Република Македонија, од Комората на вештаци на Република Македонија и Бирото за судски вештачења, а која работи на реализација на предложените активности во рамки на Анализата за примената и можноста за ревидирање на Правилникот за надоместок на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопански престапи.

4. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности, во рок од 30 дена да го извести Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во врска со прогресот на активностите за упис на експлоатационото поле согласно рударските проекти за рудник Извор и рудник Крнино за експлоатација на талк, Општина Чашка.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 45 дена да го информира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори по однос на реализација на активностите поврзани со издавање на Решение за давање согласност за одобрување на Студијата за изведување на проектот согласно Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за компанијата Стентон градба.

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во соработка со Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија и Министерството за животна средина и просторно планирање, да ја разгледа можноста за намалување на давачките за регистрација на електричните возила и/или давачките во однос на патарина или фонд за патишта или други давачки и за истото во рок од 30 дена да го информира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

7. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски и Министерството за економија, да ја разгледаат можноста и оправданоста за воведување на законска обврска за поставување на полначи (бази) за електрични возила на бензинските пумпи во Република Македонија и за истото во рок од 30 дена да го информираат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

8. Се задолжува Министерството за економија да изработи Предлог-измени на законската регулатива со цел да се воспостави законски основ за доделување на субвенции при

купување на возило на електричен погон или поврат на дел од средствата за лица кои ќе купат возило на електричен погон преку донесување на соодветна програма за тоа и во рок од четири месеци за истото да ја извести Владата.

9. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање, да изработи програма за начинот, видот, висината и условите за доделување на субвенции при купување на возило на електричен погон или поврат на дел од средствата за лица кои ќе купат возило на електричен погон и за истото во рок од шест месеци да ја информира Владата.

10. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Министерството за финансии и Министерството за образование и наука, во рок од 30 дена да го информира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори за прогресот на активностите на работната група формирана со цел да ја разгледа иницијативата за измена и дополнување на Законот за трговски друштва во делот на потребната документација и давачките потребни за основање на микро и спин-офф компании.

11. Се задолжува Министерството за економија во рок од 30 дена да го информира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во врска со прогресот на активностите поврзани со Предлог-законот за индустриски и зелени зони.

12. Се задолжува Министерството за економија во рок од 30 дена да го извести Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во врска можноста за утврдување на македонскиот рубин - јувелирски камен како заштитена минерална суровина со географско потекло од Република Македонија.

13. Се задолжува Министерството за економија во рок од 30 дена да го извести Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори во врска со прогресот на активностите за воведување на електронски систем за регистрација и категоризација на туристички агенции во Република Македонија.

14. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање, да ја разгледа можноста и да ја оцени оправданоста за воведување на стимулативни мерки како намалување или укинување на царинските стапки за увоз на клима уреди со следните тарифни ознаки: 8415 10 10 00, 8415 10 90 00, 8415 81 00 00, 8415 82 00 00 и за истото во рок од 30 дена да ја информира Владата.

15. Се задолжува Министерството за правда во рок од 30 дена да ја информира Владата за активностите на работна група со претставници на Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за правда и Управата за финансиско разузнавање како и претставници на Групацијата на агенции за недвижности при Стопанска комора на Македонија и други засегнати страни, формирана со цел да го разгледа Предлог-законот за посредување на промет со недвижности и соодветните Предлог-подзаконски акти предложени од Групацијата на

агенции за недвижности при Стопанска комора на Македонија и од Сојузот на стопански комори на Македонија.

16. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од 30 дена до Владата да ја достави на разгледување Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за определување на правни лица кои се должни да имаат приватно обезбедување со цел се измена на член 2 став 4 од Одлуката поврзани со определување на правни лица кои се должни да имаат приватно обезбедување.

17. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство во рок од 30 дена да го информира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во врска со прогресот на активностите поврзани со Спогодбата за соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија во областа на безбедност на храната.

18. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори за статусот на реализација на преостанатите барања и иницијативи на посетените компании во рамки на проектот „Учиме од бизнис заедницата“ - сите пет циклуси на посети на компании да ја информира Владата на Република Македонија најдоцна до 15.9.2018 година.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за обесштетување на поплавените правни лица во Скопскиот Регион, ја усвои Информацијата и имајќи предвид дека постои политичка волја Владата да ги обесштети овие субјекти во висина од 20% согласно постоечките законски прописи и претходно воспоставените пракси, заклучи:

- Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Министерството за финансии за наредната седница на Владата да доставаат информација за праксата на примената на исплаќање на штети на правни лица, а Секретаријатот за законодавство за правниот основ за исплаќање на истото.

## Точка 33

Владата го донесе новиот текст на Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Македонија, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Методологијата, согласно укажувањата од Министерството за информатичко општество и администрација.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2017/1754 на Советот од 25 септември 2017 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2017/1754 на Советот од 25 септември 2017 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/1934 на Советот од 23 октомври 2017 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/1934 на Советот од 23 октомври 2017 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го разгледа Извештајот од редовниот состанок на Мешовитата комисија за чување, одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-бугарската државна граница, одржан во Скопје на 29 и 30 јануари 2018 година и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го прифати Извештајот од редовниот состанок на Мешовитата комисија за чување, одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-бугарската државна граница, одржан во Скопје на 29 и 30 јануари 2018 година.

2. Се задолжува Делегацијата на Република Македонија во Мешовитата комисија за чување, одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-бугарската државна граница за последната седмица од септември 2018 година да достави до Владата извештај за прогрес на извршените активности во однос на чистењето од дрвја и жбунови на потегот од 3 метри од заедничката државна граница и определувањето на координатите на граничните пирамиди и граничната линија од Граничната пирамида 1 до Граничната пирамида 50.

**Точка 37**

Владата го разгледа Извештајот за учество на припадници на Армијата на Република Македонија во мировната операција на Европската Унија „Алтеа“ во Босна и Херцеговина, ротација јуни-декември 2017 година, го прифати Извештајот и заклучи да го достави до Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана.

**Точка 38**

Владата го разгледа Извештајот за учество на припадникот на Армијата на Република Македонија во мировната операција на Европската Унија „Алтеа“ во Босна и Херцеговина, ротација јуни-декември 2017 година, го прифати и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област, со Предлог-одлука и Предлог-решение (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област, во предложениот текст.

2. Го донесе Решението за именување на членови на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите и донесување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог-одлука и Предлог-решение (нов текст) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, во предложениот текст.

2. Го донесе Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата на предлог на предлагачот, поради потребата од дополнително усогласување на материјалот, го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за Фулбрајт програмата за академска размена, откако претходно ќе се разгледа на седниците на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 42**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за вработувањата во основните и средните училишта, за наредната седница на Владата, на предлог на предлагачот.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за ослободување од учество (партиципација) при користење на здравствени услуги на децата до 18-годишна возраст, чии семејства се корисници на правото на социјална парична помош, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство во рок од 30 дена да достави до

Владата Предлог-програма за изменување на соодветната програма со која би се обезбедиле средства за оваа намена.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за утврдување на дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Казандол", Општина Валандово, Општина Богданци и Општина Дојран и ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Казандол", Општина Валандово, Општина Богданци и Општина Дојран, со заклучок основ за донесување на Одлуката да биде член 44 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

**Точка 48**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста" с.Вруток, Општина Гостивар на Друштвото за производство, трговија, услуги и инженеринг „Јефута-инженеринг-Фуат" и „Јетон " експорт-импорт ДОО Гостивар, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достават мислења по истата.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Виничка Вада", Општина Кочани на Друштвото за производство, трговија и услуги „Оранжери-добра" ДОО увоз-извоз Кочани и заклучи да не ја донесе Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Виничка

Вада“, Општина Кочани на Друштвото за производство, трговија и услуги „Оранжери-добра“ ДОО увоз - извоз Кочани, имајќи го предвид негативното мислење на Општина Кочани.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „RAMSTEIN AMBITION II 18“, во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „EFES 18“, во Република Турција, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „JWA“, во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „Milex 18“, во Кралство Шпанија, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „Balkan response 18“, во Република Србија, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „Viking 18“, во Кралство Шведска, Република Србија и Република Ирска, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Струмица, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Тајван, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на АД Македонска информативна агенција - Скопје во државна сопственост, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студентски дом ,,Доне Божинов" - Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на Националната установа Музеј на Македонија - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 62**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието да го донесе Законот.

**Точка 63**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 64**

Владата го разгледа Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 65**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за градење, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

## Точка 66

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловството, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

## Точка 67

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 266 став 1 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија" бр.39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15 и 23/16) поднесена од адвокат Зоран Величковски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека одредбата од членот 266 став (1) од Царинскиот закон не е во согласност со членот 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и Законот за прекршоците со образложение дека согласно член 15 став (6) и член 38 став (6) од Законот за прекршоците, глобата која може да се изрече со издавање на мандатен платен налог за правни лица не може да биде повисока од 1.500 евра во денарска противвредност, додека за физички лица истата не може да биде повисока од 500 евра во денарска противвредност, поради што оспорениот член 266 став (1) од Царинскиот закон не е усогласен со наведените членови од Законот за прекршоците.

Ова, од причина што за прекршоците во членовите 263 и 264 од Царинскиот закон пропишани се повисоки глоби од оние утврдени во Законот за прекршоците што е противуставно.

Воедно, подносителот на иницијативата наведува дека членот 266 став (1) од Царинскиот закон ја суспендира примената на членовите 263 став (1) точки 10 и 11 и член 264 од истиот закон бидејќи врачувањето на мандатен платен налог за прекршоците од овие членови е задолжително па наместо да се одмерува глобата во рамките на пропишаните износи од 15.000, односно 5.000 евра за правно лица или од 500 до 2.250 евра за физичко лице, за прекршоците од наведените одредби сторителот ќе треба да плати само 250 евра, доколку е правно лице и 50 евра доколку е физичко лице.

Согласно Царинскиот закон, глоба во износ од 15.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице и трговец поединец, односно глоба во износ од 500 до 2.250 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице за прекршоците наведени во членот 263 став (1) од овој закон.

Исто така, глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правно лице и трговец поединец, односно глоба во износ од 200 до 750 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице за прекршоците наведени во членот 264 став (1) од Царинскиот закон.

Согласно оспорениот член 266 (1) од Царинскиот закон, по утврдување на царински прекршок од членот 263 став 1) точки 10 и 11, членот 264 или членот 265 во врска со членот 263 став (1) точки 10 и 11 и членот 264 на овој закон, царинскиот службеник на сторителот на прекршокот ќе му врачи мандатен платен налог во износ од 250 евра во денарска

противвредност за правно лице и трговец поединец, односно во износ од 50 евра во денарска противвредност за физичко лице.

Со член 15 став (6) и член 38 став 6 од Законот за прекршоците пропишана е висината на глобата со издавање на мандатен платен налог, која за правно лице не може да биде повисока од 1.500 евра во денарска противвредност, додека за физички лица истата не може да биде повисока од 500 евра во денарска противвредност.

Во Глава 2 од Царинскиот закон содржани се прекршочните одредби, односно во членовите 263, 264 и 265 се содржани видовите на царински прекршоци и глобите за нивно прекршување.

Имено, Законот за прекршоците ги уредува општите услови за пропишување на прекршоците и прекршочните санкции, општите услови за утврдување на прекршочната одговорност, за изрекувањето и извршувањето на прекршочните санкции, забрзаните прекршочни постапки и пропишува прекршочната постапка што ја водат судовите, односно прекршочните органи.

Од содржината на одредбите од Законот за прекршоци недвосмислено произлегува интенцијата на законодавецот да за одредени видови прекршоци со издавањето на мандатниот платен налог во посебните закони можат да се утврдат висини на глоби кои за точно определени лица - физички, службено, правно лице и трговец поединец е утврден износот до кој можат да се утврдат висините на глобите. Тоа значи дека Законот за прекршоци не определува нити фиксен износ нити соодност на висина на глоба која може да се одреди во постапка за издавање на мандатен платен налог туку дава само горна рамка на висината на истата така што во посебните материјални закони можат во рамки на прекршочната постапка да се утврдат различни висини на глоба за наплата на мандатен платен налог.

Одредбите на Царинскиот закон, односно посочениот член 266 е во рамките како на висините на глобите за одредени категории на лица согласно Законот за прекршоци, така и за определување само на одредени видови прекршоци за кои може да се издаде мандатен платен налог во која смисла наводите на предметната иницијатива се правно неаргументирани и фактички несоодветни.

Со оспорениот член 266 став (1) од Царинскиот закон се дава можност за царинските прекршоци од членот 263 став 1) точки 10 и 11, членот 264 или членот 265 во врска со членот 263 став (1) точки 10 и 11 и членот 264 на овој закон сторителот на прекршокот да ја плати глобата преку издавање на мандатен платен налог со цел да се избегне водење на прекршочна постапка во која се утврдува фактичката состојба и се изведуваат и ценат доказите по однос на сторениот прекршок. Според тоа, мандатното казнување претставува определено претходно дејствие преземено пред поднесување на барањето за прекршочна постапка.

Неосновано е тврдењето на подносителот на иницијативата дека членот 266 став (1) од Царинскиот закон не е усогласен со Законот за прекршоците во ситуација кога во истиот се издвоени оние прекршоци за кои законодавецот сметал дека може да се изрече мандатен платен налог. Дополнително, висината на глобата е во рамки на утврденото со членовите 15 став (6) и 38 став (6) од Законот за прекршоците.

Врз основа на претходно наведеното, одредбата на член 266 став 1 од Царинскиот закон е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и Законот за прекршоци, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли предметната иницијатива.

Наведеното дотолку повеќе што суштината на поднесената иницијатива се сведува на меѓусебната усогласеност на одредби од два закона што согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд не е во надлежност на Уставниот суд да одлучува.

## Точка 68

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маринчо Велјановски од Битола за купопродажба на недвижен имот во Битола со Имотен лист бр.95586 за КО Битола 3, КП бр.14545 викано место/улица „Ријечка“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 69

Владата ја разгледа Понуда од нотар Тодор Бошковски од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101792 за КО Тетово-3, КП бр.12928 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 70

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 68968 за КО Маџари на КП бр. 2207/6 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид Мислењата на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 71

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101705 за КО Бутел на КП бр.143, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави ново мислење, имајќи ја предвид дополнително доставената документација по Понудата.

## Точка 72

Владата ја разгледа Понудата од нотар Веселинка Здравкова за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.838 за КО Буково на КП бр.355 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 73

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2258 за КО Ресен на КП бр.3566/1 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 74

Владата по Известувањето од извршител Антончо Коштанов од Скопје, за заклучокот за усна јавна продажба под И. бр.2216/14 го прифати мислењето на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 75

Владата го разгледа Известувањето од извршител Антончо Коштанов од Скопје, под И бр.307/15 за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување) и по Известувањето го прифати Мислењето на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 76

Владата го разгледа Предлог-одговорот на пратеничко прашање од д-р Фросина Ташевска-Ременски, пратеник во Собранието на Република Македонија, поставено на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 февруари 2018 година (подготвен од Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за финансии и Агенцијата за вработување на Република Македонија), го утврди одговорот и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија.

## Точка 77

Владата го разгледа Предлог-одговорот на пратеничко прашање од д-р Весел Мемеди, пратеник во Собранието на Република Македонија, поставено на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 февруари 2018 година (подготвен од Министерството за правда), го утврди одговорот и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија.

## Точка 78

Владата заклучи Предлогот на Агенцијата за супервизија на осигурување за разрешување и именување на член на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност, со Предлог-решение, Предлогот за разрешување и именување членови на Националната комисија за учебници и Предлогот за именување на претседател на Комисијата за хартии од вредност, да се разгледаат од Комисијата за именување, со цел доставување соодветни предлози за наредната седница на Владата.

## Точка 79

**1.** Владата заклучи Известувањето од Државното правобранителство на Република Македонија, со доставен Предлог-текст на вонсудска спогодба, во врска со покренатата постапка пред Основен суд Скопје 2 - Скопје, да се разгледа на наредната седница на Комисијата за политички систем.

**2.** Владата по Известувањето од Министерството за труд и социјална политика во врска со Заклучокот од Нацрт - записникот од продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, под број 4 - Втор и трет пензиски столб, од точка 6, Прашања и предлози, каде Министерството за труд и социјална политика е задолжено квартално да ја информира Владата за прогрес на проектот „Калкулатор за пресметка на пензија и известување за можна пресметка на пензија", до крајот на 2019 година, заклучи, Министерството за труд и социјална политика да ја информира Владата на квартално ниво, почнувајќи од 30 ноември 2018 година.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија, за период од 19.3.2018 година до 25.3.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**4.** По повод укажувањето на Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, во однос на лошата состојба со отпад на регионалниот пат Битола - Ресен, на потегот кај ромската населба - Баир, Владата заклучи ЈП „Македонијапат" Скопје да спроведе итна акција за чистење на овој дел од патот.

**5.** Се задолжува Министерството за правда да формира работна група од сите засегнати институции со цел итна подготовка на нов Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата или соодветно изменување и дополнување на постојниот Закон

**6.** Владата го разгледа Известувањето од Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со формирањето на работна група со претставници од Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за внатрешни работи за започнување и подготовка на измени и дополнувања на Законот за возила/или подзаконски акти, со цел подготовка на налепница за возилата, согласно еколошки стандарди, го прифати Известувањето и заклучи да продолжи да важи обврската од Заклучокот бр.20 од 40-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 28.11.2017 година, точка 39, односно истиот да се реализира.

**7.** Владата ја разгледа Информацијата за потпишување договор помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и Владите на другите партнери во Иницијативата за подготвеност и превенција од катастрофи во Југоисточна Европа, за уредување на статусот на Секретаријатот на Иницијативата за подготвеност и превенција од катастрофи во Југоисточна Европа од страна на Земјата домаќин, со текст на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Го прифати текстот на Договорот помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и Владите на другите партнери во Иницијативата за подготвеност и превенција од катастрофи во Југоисточна Европа, за уредување на статусот на Секретаријатот на Иницијативата за подготвеност и превенција од катастрофи во Југоисточна Европа од страна на земјата домаќин.

2) Се овластува Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, да го потпише Договорот помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и Владите на другите партнери во Иницијативата за подготвеност и превенција од катастрофи во Југоисточна Европа, за уредување на статусот на Секретаријатот на Иницијативата за подготвеност и превенција од катастрофи во Југоисточна Европа од страна на земјата домаќин.

3) Се задолжува Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, во однос на насоките за гласањето, истите да ги направи во координација со Министерството за надворешни работи.

## Точка 80

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Македонија, за периодот октомври - декември 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата му укажа на ЈП Службен весник на Република Македонија да преземе мерки за намалување на непродуктивните расходи.

## Точка 81

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиско работење на ЈП „Агро берза“ - Скопје, за периодот јули-септември 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата му укажа на ЈП „Агро берза“ - Скопје да подготви и до Владата да достави акциски план со конкретни активности и потребни финансиски средства за зголемување на дејноста на претпријатието и враќање на неговата првобитна намена.

## Точка 82

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП Агро-берза - Скопје, за периодот октомври - декември 2017 година, со дополнувањето кон него, како материјал за информирање.

## Точка 83

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Македонски железници Инфраструктура - Скопје, за период од 1.10.2017 година до 31.12.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работата на М-НАВ А.Д. -Скопје (април - јуни 2017 година), со дополнувањата кон истиот, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да му укаже на М-НАВ АД - Скопје да ги намали сите непродуктивни трошоци.

**Точка 85**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работата на М-НАВ А.Д. -Скопје (јули - септември 2017 година), со дополнувањата кон истиот, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да му укаже на М-НАВ АД - Скопје да ги намали сите непродуктивни трошоци.

**Точка 86**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за план и програма на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2018 година, како материјал за информирање и со следниот заклучок:

- Се задолжува Агенцијата за лекови и медицински средства да го коригира Планот и Програмата на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2018 година, согласно мислењата на Министерството за финансии во насока да го измени текстот на истите, односно да се измени Точка 11, а последната Точка 12 да изостане.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за решавање на проблем со свлечишта на локалниот пат „Крива Паланка - с. Станци“ и локалниот пат „с. Станци - м.в.Станечка Кривина - м.в. Метоф - с. Дренак“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата му укажа на Јавното претпријатие за државни патишта, да ја разгледа можноста од Годишната програма, односно од Програмата за поддршка на локалните патишта да ги издвои потребните средства за решавање на проблемот со свлечишта на локалниот пат „Крива Паланка - с. Станци“ и локалниот пат „с. Станци - м.в.Станечка Кривина - м.в. Метоф - с. Дренак“.

**Точка 88**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110 - Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Македонија за период од 1 јануари до 31 декември 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на средства од Програмата ИПА за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2014-2020, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за реализирани активности во 2017 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2017 - 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Евтини летови за македонските граѓани“, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во текстот на Предлог-законот, членот 1, со кој се менува постојниот член 5 став 1, соодветно да се преформулира, во насока да не се брише точката 23-е), односно да се измени во смисла дека спроведува од сопствени средства постапка за јавна набавка на лекови кои не се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на барање и во постапка дефинирани од Министерството за здравство.

2. Во текстот на Предлог-законот, членот 6, со кој се менува постојниот член 108 став 12, соодветно да се преформулира, во насока, во Комисијата да има и претставник од Министерството за финансии.

3. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Ангелина Бачановиќ, раководител на сектор во Министерството за здравство.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на проектот „Изградба на комплекс-Универзитетски клинички центар“ на локација во Општина Карпош и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да изврши измена во Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2018 година, со дополна за финансирање на изработка на Детален урбанистички план за градска четврт ССЗ 01, блок 01, блок 02, блок 03, блок 04, блок 05, блок 08 и блок 09 - УКЦ, определени во Генералниот урбанистички план на Град Скопје и за ажурирање на геодетските подлоги за истата.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да изврши измена и дополна во Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2018 година, со дополна за финансирање на изработка на Архитектонско урбанистички проект за разработка на блокови од Детален урбанистички план за градска четврт ССЗ 01, блок 01, блок 02, блок 03, блок 04, блок 05, блок 08 и блок 09 - УКЦ, определени во Генералниот урбанистички план на Град Скопје.

3. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности да изработи геодетски ажурирани подлоги на предметната локација на Детален урбанистички план за градска четврт ССЗ 01, блок 01, блок 02, блок 03, блок 04, блок 05, блок 08 и блок 09 - УКЦ, определени во Генералниот урбанистички план на Град Скопје.

4. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности да изработи геодетски ажурирани подлоги за Архитектонско урбанистички проект за разработка на блокови од Детален урбанистички план за градска четврт ССЗ 01, блок 01, блок 02, блок 03, блок 04, блок 05, блок 08 и блок 09 - УКЦ, определени во Генералниот урбанистички план на Град Скопје.

5. Се задолжува Агенцијата за планирање на просторот да изработи Детален урбанистички план за градска четврт ССЗ 01, блок 01, блок 02, блок 03, блок 04, блок 05, блок 08 и блок 09 - УКЦ, определени во Генералниот урбанистички план на Град Скопје.

6. Се задолжува Агенцијата за планирање на просторот да изработи Архитектонско урбанистички проект за разработка на блокови од Детален урбанистички план за градска четврт ССЗ 01, блок 01, блок 02, блок 03, блок 04, блок 05, блок 08 и блок 09 - УКЦ, определени во Генералниот урбанистички план на Град Скопје.

7. Се задолжува Министерството за здравство и му се препорачува Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да формира стручна комисија и да спроведе јавен конкурс за идејно решение на дел од комплексот Универзитетски клинички центар.

8. Се препорачува на Општина Карпош и Град Скопје како надлежни органи за донесување на деталниот урбанистички план, за навремено спроведување на постапките до донесување на истиот.

**Точка 94**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за спојување на јавните здравствени установи Здравствен дом Кочани и Општата болница Кочани во Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани, во предложениот текст.

**Точка 95**

Владата ги разгледа и усвои Насоките за добро управување на избрани и именувани лица во извршната власт.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на „Дигиталниот самит за Западен Балкан 2018“ во Скопје, со Предлог-агенда и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, да ги преземе сите активности за организација и координација на Дигиталниот самит и спроведување на Агендата.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, а во координација со Советот за регионална соработка со седиште во Сараево, да ја преземе подготовката и спроведувањето на планот за комуникација и промоција на Дигиталниот самит со јавноста.

3. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи, преку своите служби за протокол да ги преземат севкупните протоколарни активности, вклучително и пречек/испраќање и придружба на делегациите, согласно спецификите и потребите на Дигиталниот самит.

4. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да обезбеди транспорт (16 возила и 16 возачи) за официјалните делегации на Дигиталниот самит, соодветен број на знамиња (мали за на маса и големи со потпирки) од земјите учеснички на Дигиталниот самит, како и други услуги согласно потребите на Дигиталниот самит.

5. Се задолжува Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје да овозможи користење на комплексот на Спортскиот центар „Борис Трајковски“ за подготовка и реализација на Дигиталното ЕКСПО и останатите активности во рамки на Дигиталниот самит на Западен Балкан 2018 од 12.4.2018 до 20.4.2018 година без надомест со исклучок на реалните трошоци кои би настанале при одржувањето на Дигиталниот самит во објектот.

6. Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди медицински возила и дежурен медицински тим за 18 и 19 април 2018 година, за време на одржувањето на Дигиталниот самит (Арена „Борис Трајковски“ и хотел Александар Палас).

7. Се препорачува на Град Скопје да обезбеди присуство на возила за противпожарна заштита за 18 и 19 април 2018 година за време на одржувањето на Дигиталниот самит (Арена „Борис Трајковски“ и хотел Александар Палас).

8. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со ЈП „Македонија пат“-Скопје да изврши расчистување и санација на патот Скопје - Аеродром Скопје, како и граничните премини на кои ќе се најави премин на делегации пред почеток на Дигиталниот самит.

9. Се укажува на ЈП Македонска радио-телевизија Скопје на своите канали да врши бесплатно информирање на јавноста и емитување на настанот.

10. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од еден месец по завршување на Дигиталниот самит, да достави информација до Владата за резултатите од одржаниот Дигитален Самит за Западен Балкан 2018 и насоките за натамошни активности што ќе произлезат од истиот.

**Точка 97**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за изменување и престанок на одлуки за давање на трајно користење на движни ствари на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со предлог-одлуки, поради потребата Министерството за финансии во соработка со Секретаријатот за законодавство да го усогласи основот по кој што ќе се донесат одлуките и претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 98**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 99**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Woodrow Wilson“ с.Долно Седларци, Општина Брвеница, во предложениот текст.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, се задолжува Министерството за образование и наука во соработка со Секретаријатот за законодавство, да подготви и во најкраток рок до Владата да достави нова Предлог-одлука врз основа на друг законски основ, со која соодветно ќе се уреди правниот следбеник на основачот, правата и обврските и слично.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Билатерална спогодба помеѓу Република Србија и Република Македонија за ИПА II Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Србија и Република Македонија за период 2016-2020 година, со текст на Спогодба и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Билатералната спогодба помеѓу Република Србија и Република Македонија за ИПА II Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Србија и Република Македонија за периодот 2016-2020 година.

2. Го определи Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, во име на Владата на Република Македонија, да ја потпише Билатералната спогодба помеѓу Република Србија и Република Македонија за ИПА II Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Србија и Република Македонија, за периодот 2016-2020 година.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 17:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Зоран Заев**